


***Има една сторија за петстотини млади македонски цивили кои се собрале во селото Д’мбени, желни да му се придружат на партизанското движење. Зборот за ова се пренел и дошол до грчкото партизанско раководство кое веројатно се преплашило од изгледите за една ваква силна македонска оружена сила. Грците од ништо не се плашеле повеќе, отколку да ја изгубат Македонија.***

Дотогаш Грците веќе си формирале свое партизанско движење (надвор од Македонија) и почнале да преговараат со Македонците за здружување на силите. Извесно време, претставниците на грчките партизани ги искушувале Македонците да им се придружат. Кога преговорите не успеале да постигнат резултати, Грците се обиделе да им наредат

на Македонците да го предадат своето оружје.

Македонците биле многу свесни за грчкото предавство и одбиле да им се придружат и да го предадат своето оружје. Наместо тоа, тие ги запечатиле границите од Бигла до Корча, правејќи ги недостапни за Грците. Во почетокот, Македонците дејствувале сами, но подоцна му се придружиле на крилото на ЕАМ, Грчката народноослободителна војска.

Раководството на македонските вооружени сили во западна Егејска Македонија го споделувале војводата Илија Димов, под шифрирано име “Гоче” и војводата Мито Тупурковски од нашето село Ошчима, под шифрирано име “Титан”. И двајцата команданти биле сакани од своите луѓе поради нивните борбени способности и почитувани поради нивното раководење.

Накратко, сакаме да напомнеме дека во еден ироничен пресврт на настаните, додека Мито Тупурковски ги вовлекувал Германците во жестоки борби, неговата мајка Султа била несреќно убиена од заскитан германски куршум. Било тоа обичен летен ден во 1944 година. Извесно време, локалното население се навикнало на германските патроли кои ги вршеле своите вообичаени обиколки, правејќи инспекција на условите по патиштата и на комуникациските линии помеѓу Желево и Брезница.







**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**